**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Комитет за следење на ИПАРД***

Примено: 20.05.2015
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
14 - 43/15

# Записник Бр. 3

## Записник од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**28 ноември, 2008 / Хотел Арка, Скопје**

**Акроними:**

| | |
|---|---|
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕУ | Европска унија |
| ИПА | Инструмент за пред-пристапна помош |
| ИПАРД | Компонента за рурален развој за пред-пристапната помош |
| CARDS | Помош на заедницата за реконструкција, развој и стабилност |
| МААСП | Македонска програма за земјоделска советодавна поддршка |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МФ | Министерство за финансии |
| НАО | Национален службеник за авторизација |
| НИПАК | Национален координатор на ИПА |
| САПАРД | Програма за специјална помош во земјоделството и руралниот развој |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| СФАРМ | Поддршка на сојузот на земјоделците на Република Македонија |
| TAIEX | Стручна помош и размена на информации |
| USAID | Агенција на САД за меѓународен развој |
| ФАДН | Мрежа на податоци за сметководство на фарма |
| ФМС | Систем за мониторинг на фарма |
| ФФРМ | Федерација на фармери во Република Македонија |

**Претседавач:**

Д-р Перо Димшоски, Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:**

1. М-р Перица Иваноски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен советник;
2. Г-дин Живко Брајковски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Раководител на сектор за европски интеграции;
3. Г-дин Абдилгафар Синани, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Раководител на сектор за земјоделство;
4. Г-ѓа Родопи Корнети-Јаковљевиќ, Министерство за економија, Раководител на сектор;
5. Г-ѓа Гордана Кожухарова, Министерство за животна средина и просторно планирање, Раководител на сектор;
6. Г-дин Александар Николовски, претставник на НИПАК, Секретаријат за европски прашања;
7. Г-дин Јордан Кузмановски, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
8. Г-дин Љубиша Николовски, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
9. Г-дин Зоран Даневски, Сојуз на стопански комори, Претседател на Агробизнис комора
10. Г-дин Сашо Ристевски, Македонска асоцијација на преработувачи, Секретар
11. Г-дин Вељо Тантаров, Сојуз на земјоделците на Македонија, Претседател
12. Г-дин Благој Игновски, Движење на екологистите на Македонија, Претседател
13. Г-ѓа Наташа Вртеска, Заедница на единиците на локалната самоуправа

**Присутни заменици на Комитетот за следење на ИПАРД:**

1. Г-дин Рахим Муслиу, Министерство за локална самоуправа
2. Г-ѓа Марија Ѓошевска Ковачевиќ, Федерација на фармери во Република Македонија

**Отсутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:**

1. Г-дин Дејан Рунтевски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Директор на Управа за ветеринарство;
2. Проф. д-р Драги Димитриевски, Факултет за земјоделски науки и храна;
3. Г-ѓа Зоја Гавриловска, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница;
4. Г-ѓа Стојмирка Тасевска, Стопанска комора на Република Македонија, Директор на дирекцијата за претставување и застапување на членките;

5. Г-дин Ѓорѓи Кочовски, Претседател, Комора на занаетчии на Република Македонија

**Резултати: Претседавачот на комитетот и сите 16 членови со право на глас учествуваа на состанокот, од вкупно 21 со право на глас. Беше постигнат кворум со што се донесоа соодветни одлуки.**

**Претставници на Европската Комисија**

1. Г-дин Вернер Шисел, Директорат за земјоделство и рурален развој, Европска Комисија;
2. Г-ѓа Андреа Грајнер, Директорат за земјоделство и рурален развој, Европска Комисија;
3. Џон Баркер, Претставник од Мисијата на Европската Комисија во Република Македонија

**Претставници на ИПАРД структурата**

1. М-р Маја Парнарџиева - Министерство за финансии, Државен советник и Национален координатор за авторизација на ИПА фондовите;
2. Г-ѓа Александра Николовска, Министерство за финансии, Национален фонд;
3. Г-дин Тони Димовски, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Директор

**Претставници во својство на набљудувачи**

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при ЕЗ
2. Г-ѓа Ефимија Димовска, Министерство за финансии, Земјоделски кредитен и дисконтен фонд
3. Г-ѓа Велјка Јурен, Агенција за вработување на Република Македонија
4. Г-дин Петар Ѓорѓиевски, МААСП 2
5. Г-ѓа Биргит Шефер, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија
6. Г-дин Јан Баршвари, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија
7. Г-дин Никола Наумовски, Секретаријат за европски прашања
8. Г-дин Јетон Старова, Заменик директор, Агбиз
9. Г-ѓа Гордана Шуклева, Министерство за економија
10. Г-дин Костадин Кус-Иванов, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
11. Г-дин Александар Зарков, Сојуз на стопански комори, координатор на Агробизнис комората

12. Г-ѓа Дори Павлоска Ѓорѓиеска, Национален координатор на СФАРМ проектот за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија

13. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Раководител на сектор

**<u>Претставници од сектретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД</u>**

1. М-р Маргарита Делева - Државен советник за рурален развој и Раководител на Телото за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. Г-ѓица Тина Ангелеска, Помлад соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Г-ѓа Гордана Смилеска, референт, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. Г-дин Виктор Младеновски, Виш соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. Г-ѓица Василка Тамбуркова, Помлад соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Г-ѓица Босилка Митревска, Помлад соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
7. Г-ѓица Андријана Славковска, Советник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
8. Г-ѓица Маја Лазареска, Советник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
9. Г-дин Стојан Гацов, Советник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
10. Г-дин Александар Митревски, Помлад соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Листата на членови со листата за проверка на присутни на состанокот на Комитетот, листата на претставници и набљудувачи се дадени во ***Анекс 1.***

## II. АГЕНДА

**Состанокот беше одржан според следнава агенда:**

| Бр | Време | Тема | Презентирано од: | Документи/ Анекси |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 9:00 | Почеток на состанокот и поздравен говор. | Претседавач д-р Перо Димшоски | |
| 2. | 9:15 | Одобрување на Агендата | Претседавач д-р Перо Димшоски | Предлог Агенда |
| 3. | 9:30 | Усвојување на записникот на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 27-мај-2008) | Претседавач д-р Перо Димшоски | Предлог записник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | 9:40 | Презентација за официјализирање на Комитетот за следење на ИПАРД | Претседавач д-р Перо Димшоски | информативно |
| 5. | 9:50 | Информација за прогресот за акредитација на ИПАРД оперативните структури Презентација од резултатите од последната Ревизорска мисија одржана Септември/Октомври,2008 | м-р Маја Парнарџиева НАО | Power point/информативно |
| 6. | 10:10 | Информација за подготовка за акредидација на ИПАРД Агенцијата | Тони Димовски - Директор на ИПАРД Агенцијата | Power point/информативно |
| 7. | 11:00 | Информација за подготовка за акредидација на Телото за управување со ИПАРД | м-р Маргарита Делева - Раководител на Телото за управување | Power point/ информативно |
| | 11:15 | **Кафе пауза** | | |
| 8. | 11:30 | Воспоставување на системот за следење програмата.Презентација на Мониторинг табелите за програмата. | Виктор Младеновски, Виш соработник -Тело за управување | Нацрт Мониторинг табели за ИПАРД програмата |
| 9. | 11:45 | Информација за тековната евалуација за програмата | Александар Митревски - Помлад соработник -Тело за управување | Процедури за тековната евалуација на ИПАРД програмата |
| 10 | 12:00 | Информација за усвојување на стратешкиот плански документ на Европската Комисија за ИПАРД:Повеќегодишен индикативен плански документ 2009-2011 | Александар Николовски - НИПАК,СЕП | Повеќегодишен индикативен плански документ 2009-2011 за ИПА компонента V |
| 11. | 12:10 | Информација за потпишување и ратификација на ИПАРД Секторската спогодба | Александар Николовски - НИПАК,СЕП | Информативно |
| 12 | | Технички мерки/презентација за прогресот во кампањата за публицитет. Информација за мерките на Техничката | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | помош и нивна имплементација | | |
| | 12:20 | Презентација на Акциониот план за публицитет за 2009 година | Андријана Славковска советник -Тело за управување | Power point/ информативно |
| | 12:30 | Презентација на активностите на Агенцијата за развој на земјоделството за публикација на ИПАРД. | Национална агенција за поддршка на развој земјоделството/ Македонска Програма за земјоделска советодавна поддршка Проект | Power point// информативно |
| | 12:40 | Презентација на активностите на Федерацијата на Фармери за публикација на ИПАРД | Претставник од ФФМ | Power point/ информативно |
| | 12:50 | Презентација за активности поддржани од USAID за публикација на ИПАРД | Претставник од USAID AG-Biz Проект | Power point/информативно |
| | **13:00** | **Ручек** | | |
| 13 | 13:30 | Информација за подготовка на дополнителни мерки под ИПАРД програмата. | м-р Маргарита Делева - Раководител на Телото за управување | Стратешки План за Телото за управување |
| 14 | 13:45 | Информација за Првиот состанок во сенка на Комитет за следење на ИПА | Александар Николовски - НИПАК,СЕП | Информативно |
| 15 | | Разно | | Информативно |
| | 14:00 | Прогрес на усвојувањето на Националната легислатива поврзана со ИПАРД Програмата и Националната програма за усвојување на Acquis (Национална Програма за усвојување на заедничкото законодавство на ЕУ ) | Живко Брајковски - Раководител на сектор за Евроинтеграции | Информативно |
| | 14:15 | Информација за финализација на фарм регистарот на МЗШВ | м-р Перица Иваноски - Државен советник | Power point/ информативно |
| | 14:30 | Презентација на Техничките мерки од Помош на заедницата за | Г-ѓа Биргит Шефер | Power point/информативно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | реконструкција,развој и помош 2006 Проект за поддршка за подготовка на ИПАРД | | |
| 16 | 14:45 | Предлози за агендата на следниот состанок/ усогласување на датум за следниот состанок | Претседавач д-р Перо Димшоски /Европска Комисија | |
| 17. | 14:50 | Затварање на состанокот | Претседавач д-р Перо Димшоски | |

## III. Резултати од состанокот на ИПАРД Комитетот за следење

***Во врска со точка 1 од Агендата*:**

Состанокот го отвори претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД, господинот Перо Димшоски (во понатамошниот текст Претседавачот) и им посака добредојде на сите присутни на овој состанок.

***Во врска со точка 2 од Агендата*:**

Претседавачот се осврна на Агендата на состанокот која им беше доставена на сите присутни и отвори дискусија во однос на истата.

Во отсуство на забелешки, Претседавачот објави дека Комитетот ја одобри Агендата на состанокот.

***Според точка 2 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

**<u>Одлука бр.1</u>**

**Комитетот за следење на ИПАРД ја усвои предложената Агенда.**

*Предлог Агендата е прикажана во* ***Анекс 2*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 3 од Агендата:***

Во врска со Записникот од претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, оджан на 27 мај,2008, претставникот на Европската Комисија Г-дин Шисел истакна дека истиот содржи одредени недоследности, кои треба да се дообјаснат. Тој предложи во билатерална кореспонденција со Телото за Управување со ИПАРД, иститe да се отстранат, а потоа записникот да се усвои. Во формата во која е доставен на усвојување, истиот не е прифатлив за Европската Комисија.

Претседавачот истакна дека забелешките дадени од страна на Европската Комисија на подготвителниот состанок се од техничка природа и се прифатливи за Телото за управување со ИПАРД. Претседавачот предложи забелешките да се имплементираат и записникот да се усвои од страна на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД, во пишана процедура. Суштински забелешки од страна на присутните не беа дадени. Предлогот на Претседавачот беше прифатен.

***Според точка 3 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***Одлука бр.2***

**Комитетот за следење на ИПАРД одлучи да го усвои Записникот од претходниот состанок оджан на 27 мај, 2008 година, по пишана процедура, по подобрувањето на нацрт записникот од страна на Телото за Управување со ИПАРД , по консултација со Европската комисија.**

Предлог записникот од претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажан во ***Анекс 3*** од овој документ.

***Во врска со точка 4 од Агендата***:

Претседавачот извести дека Комитетот за следење на ИПАРД не треба да се именува како комитет во сенка.

***Во врска со точка 5 од Агендата:***

М-р Маја Парнарџиева, Државен советник и Национален координатор за авторизација (НАО) на ИПА фондовите од Министерство за финансии (МФ), извести за направениот напредок од мај 2008 година. Таа информираше дека во изминатиов период забрзано се работи на доекипирање на оперативните структури на ИПАРД, во квантитет и квалитет, со цел за ефикасно работење и внимателно креирање на квалитетна структура. Внатрешната ревизија спроведена од МФ во периодот јули-септември подготви извештај со цел да се презентира подготвеноста на сите ИПАРД структури. Извештајот е доставен до Европската Комисија, Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој со цел на информирање. Во периодот од 22 септември до 3 октомври е спроведена дво-неделна мисија од генералниот секретаријат од ЕУ. Во текот на истата се направија финални консултации во врска со внатрешните процедури на оперативните структури на ИПАРД. Забелешките и препораките од страна на ревизорите се со цел започнување на национална акредитација во догледно време. Националната акредитација се очекува да се заврши до февруари 2009. Во тек е спроведување на ревизија на процедурите на ИПАРД структурите од страна на надворешно ангажирани ревизори. Врз основа на извештајот од оваа ревизија кој се очекува на крај на јануари, НАО ќе донесе одлука дали системот е подготвен за национална акредитација. Таа извести дека Владата донесе Уредба за регулирање на односите на сите ИПАРД структури во Р. Македонија (објавена во службен весник), систем кој е воспоставен и нема правни недостатоци во моментов.

Г-дин Вељо Тантаров, Претседател на Сојуз на земјоделците на Македонија, истакна дека има шпекулации дека се доцни со акредитацијата и праша дали и зошто се доцни со истата, доколку се вистинити шпекулациите.

Претседавачот образложи дека постои акционен план кој ги следи активностите и според него нема отстапување и доцнење по однос на прашањето за акредитацијата во 2009.

Г-динот Шисел не може да потврди дали доцниме. Но од неговото искуство со останатите 8 земји, тој смета дека не доцниме, но тоа не значи дека не треба да го забрзаме процесот.

Г-динот Шисел информираше дека петтата компонента ИПАРД се разликува од останатите ИПА компоненти, по начинот на одобрување на проектите. Во другите компоненти на ИПА секој проект е одобрен од страна на Европската Комисија, додека во петта компонента оперативните структури на ИПАРД ја имаат

одлучувачката улога. Тој забележа дека иако воспоставувањето на структурите е подолготрајно, сепак бенефитите на долг рок се поголеми.

Г-дин Перица Ивановски истакна дека треба да се работи на запознавање на земјоделците со ИПАРД програмата и истите да се информираат меѓудругото и за тоа кога реално може да го очекуваат почетокот на ИПАРД фондовите.

Претседавачот информираше дека кампањата за промоција на ИПАРД Програмата започна со презентација на истата на дводневна работилница организирана од TAIEX, која се одржа на 24-25 ноември, 2008 година во Скопје.

Г-динот Александар Николовски, Соработник во Одделение за интеграција во областа на земјоделство и безбедност на храна, координатор на ИПАРД компонентата од Секретаријат за Европски прашања (СЕП), информираше дека во врска со акциониот план одреден од Владата за доакредитација, изготвен врз препораки на ревизорите на ЕК, СЕП нема да дозволи доцнење. За таа цел има состаноци кои се одржуваат на неделно ниво, на кои одговорните на ИПАРД структурите известуваат за прогресот и реагираат на секој критичен момент за негово итно решавање. Тој се сложи со г-дин Шисел и г-ѓа Маја Парнарџиева дека акредитацијата ќе биде завршена во 2009 година и потенцираше дека следи јавна кампања, со цел јавноста детално да се запознае со ИПАРД Програмата и начинот на користење на ИПАРД помошта.

Г-динот Баркер истакна дека искуството од Романија и Полска покажува дека притисокот од медиумите и критиките за нетранспарентност се очекувани, и предложи на нив да се одговори со балансирање и проактивна јавна кампања.

Г-динот Зоран Даневски од Сојузот на стопански комори, Претседател на Агробизнис комора се сложува со г-дин Баркер за шпекулациите по медиумите и додава дека јавноста треба да се информира.

Информацијата за прогресот во акредитација на ИПАРД структурите е прикажана во ***Анекс 4*** од овој документ.

***Во врска со точка 6 од Агендата:***

Г-динот Тони Димовски, Директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) информираше за прогресот во акредитацијата на АФПЗРР, во врска со правната рамка, проектите за поддршка на работата на АФПЗРР, прогресот во кадровско екипирање и обука на вработените, потпишаните договори за соработка со другите ИПАРД структури и наодите од советодавната мисија.

Информација за подготовка за акредитација на ИПАРД агенцијата е прикажана во ***Анекс 5*** од овој документ.

Полугодишен извештај за напредок на ИПАРД активности е прикажан во ***Анекс 6*** од овој документ.

***Во врска со точка 7 од Агендата:***

М-р Маргарита Делева Државен советник при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Раководител на Телото за управување со ИПАРД фондовите, извести за улогата на ова тело, функциите, правна рамка и организационата структура, кадровската екипираност и основните задачи на телото.

Г-динот Александар Николовски, дополнително потенцираше дека за разлика од САПАРД правилата на ИПАРД наложуваат дека покрај платежната агенција и Телото за управување со ИПАРД е подлежно на акредитација.

Г-динот Јетон Старова рече дека креирање на инструментот е макотрпна работа и бара соодветни ресурси. Тој праша дали процесот на акредитација на овие институции е доволно покриен со потребните ресурси да се направи тоа во рок од тие две години.

Г-динот Тони Димовски објаснува дека процесот не е поддржан само од странски инвестиции, туку учествува и Владата со буџетски средства.

Г-ѓата Маја Парнарџиева, укажа на фактот дека иако во процесот на креирање на структурите проектот на Светската Банка одигра голема улога, сепак акредитацијата на ИПАРД е голем приоритет на Владата на РМ, која дава голема поддршка во однос на нови вработувања, обуки и технички услови за работа на ИПАРД структурите. Дел од обуките на вработените во овие структури се финансирани од инструментите и проектите на ЕУ.

Г-динот Шисел истакна дека еден од најважните критериуми за акредитација и успешна имплементација на ИПАРД Програмата е соодветниот број на квалитетен кадар. Овој критериум ќе биде од страна на НАО и соодветните ревизори од ЕК, кои внимателно ќе ја разгледаат анализата на обем за работа и капацитетот на вработените.

Информација за подготовка за акредитација на телото за управување со ИПАРД

е прикажана во ***Анекс 7*** од овој документ.

***Во врска со точка 8 од Агендата:***

Г-динот Виктор Младеновски, Помлад соработник, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, го објасни процесот на воспоставување на систем за следење на ефективноста и квалитетот на ИПАРД Програмата и табелите за следење на истата, со кој се овозможува прецизно и навремено известување за предностите и слабостите на ИПАРД програмата. Тој ги објасни учесниците во процесот на следење, нивните улоги и обврски, целта на следењето и даде детален приказ на структурата на табелите за следење.

Г-ѓа Грајнер информираше дека се уште има отворени прашања во однос на табелчите за следење и водичите за пополнување на истите, и ЕК и понатаму ќе продолжи да го следи воспоставувањето на системот за следење на ИПАРД Програмата. Таа исто така истакна дека табелите за следење се развиени само за трите мерки кои првобитно ќе се поддржуваат.

Г-дин Перица Ивановски, праша дали Телото за управување со ИПАРД има план да ги примени табелите за следење на Националната програма за рурален развој, со цел да се провери дали системот функционира во пракса, со оглед на совпаѓањето на некои мерки во двете програми.

Г-ѓа Маргарита Делева, одговори дека сите достапни податоци од АФПЗРР за Националната програма за рурален развој се користат за изработка на дополнителни табели за следење на истата, кои ќе бидат усогласени со АФПЗРР и ќе се користат за следење на имплементацијата на Националната програма. Врз база на овие табели ќе се изработи анализа на податоци и извештај до Владата на РМ.

Информација за воспоставување на систем за следење е прикажана во ***Анекс 8*** од овој документ.

***Во врска со точка 9 од Агендата:***

Г-дин Александар Митревски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, информираше за системот за оценка за спроведувањето на ИПАРД Програмата. Тој ги објасни фазите на оценка, начинот на кој ќе се одвива, учесниците во истата и соработката со проценителите. За успешно управување со овој процес потребно е да се воспостави Комитет за проценка на ИПАРД Програмата.

Г-дин Шисел смета дека работата на ова Тело е да ја следи имплементацијата на ИПАРД Програмата. Тој појасни дека процесот започнува со претходно оценување, продолжува со времено оценување (доколку ЕК одлучи дека истото е потребно), и завршува со последователно оценување на крајот на спроведувањето на програмата. Г-дин Шисел предложи Комитет за проценка на ИПАРД Програмата, да се формира во рамките на овој Комитет за следење на ИПАРД. Комитет за проценка на ИПАРД Програмата треба да изработи Стратегија за оценка на Програмата. Независниот оценувач треба да изработи План за оценка, да ги ревидира индикаторите и системот за собирање на податоци, да формулира кредибилни прашања за оценување, како и да даде предлози за подобрување на системот.

Г-дин Шисел предложи независниот оценувач да биде избран од македонска институција, а во недостаток на капацитет да се одбере меѓународен експерт. Во однос на финансирањето тој истакна дека е потребно што поскоро да се акредитира мерката техничка помош во која се предвидени средства за тековна оценка.

Г-дин Баркер се надоврза, истакнувајќи дека со новиот Проект за поддшка на подготовките за ИПАРД, ќе биде поддржан процесот на воспоставување на системот за следење и оценка на ИПАРД.

Претседавачот предложи на овој состанок да се номинираат членови на Комитет за проценка на ИПАРД Програмата. Беа номинирани следниве институции кои ќе предложат свои членови: Федерација на фармери, Стопанска комора, Тело за управување со ИПАРД, Сојуз на земјоделци, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Асоцијација на преработувачи, Комора на занаетчии, членови од академијата и надворешни експерти и други.

Информација за тековно оценување на ИПАРД Програмата е прикажана во ***Анекс 9*** од овој документ.

***Во врска со точка 10 и 11 од Агендата:***

Г-дин Александар Николовски од СЕП ги запозна присутните со Повеќегодишниот индикативен плански документ. Тоа е документ на ЕК кој ги дава стратешките насоки по однос на сите 5 компоненти за период од повеќе години и се обновува на годишно ниво зависно од напредокот кој државата го има. СЕП има добиено нацрт документ кој ги промовира новите можности и политики за рурален развој кои ЕК смета дека Телото за управување со ИПАРД треба да ги имплементира во наредниот период. Документот е доставен на консултации во Владата на РМ. Новитет во документот е дека по 2009 треба да се очекува поддршка во делот на

основање на групи на производителите, поддршка на агро-еколошки мерки, промовирање на LEADER мерката.

Информација за усвојување на стратешките плански документи за ЕК за ИПАРД со повекегодишен плански документ е прикажана во ***Анекс 10*** од овој документ.

Г-дин Александар Николовски информираше дека Секторската спогодба која ги регулира односите мегу Европска Унија и Република Македонија е потпишана на 23.10.2008 година од страна на г-дин Ивица Боцески и г-дин Жан Демарти. Со оваа спогодба се воспоставува правна рамка за функционирање на ИПАРД компонентата. Спогодбата го содржи системот за управување и контрола на ИПАРД средствата, ги дефинира рамките во кои функционираат структурите, контролата на ИПАРД средствата, управувањето со финансиските средства и финансиските корекции од надлежните институции, како и функциите на Комитетот за следење на ИПАРД.

Информација за потпишување и ратификација на секторската спогодба е прикажана во ***Анекс 11*** од овој документ.

***Во врска со точка 12 од Агендата:***

Г-ѓица Андријана Славковска од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го презентираше акциониот план за комуникација на ИПАРД Програмата. Таа ги објасни предвидените активности со цел да се информира јавноста и да се спроведе кампања за подигање на јавната свест, даде преглед на правната рамка, информираше за составот на таргет групите во склоп на планот, за алатките кои ќе се користат за информирање, за поделбата на одговорности помеѓу структурите на ИПАРД. Исто така таа извести за веќе превземените активности во однос на публицитетот за ИПАРД.

Г-ѓа Корнети - Јаковљевиќ предложи прв чекор во спроведување на планот за публицитет да биде создавање на лого, по кое ќе биде препознатлива ИПАРД Програмата.

Г-дин Николовски, додава дека Телото за управување за ИПАРД и СЕП се во разговори за логото на ИПАРД, поконкретно, тој вели дека логото треба да ги отсликува главните карактеристики на ИПАРД.

Г-дин Шисел истакна дека со кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата треба да се почне веднаш. Пред изработувањето на Акциониот план потребно е да се развие Стратегија за комуникација, врз основа на водичите доставени од страна на ЕК. Стартегијата треба јасно да ги подели одговорностите помеѓу Телорто за управување со ИПАРД и АФПЗРР. Постоечкиот Акционен План треба да биде ревидиран и истион треба да содржи детален приказ на сите одговорни тела по активности, за што треба да биде информиран и Комитетот за следење на ИПАРД. Акциониот план треба да биде одобрен од страна на Претседавачот. На годишно ниво членовите на Комитетот за следење на ИПАРД, треба да бидат информирани за спроведените активности. Тој предложи што поскоро да се започне со користење на техничката помош за финансирање на активностите за публицитет, при што истакна дека Телото за управување со ИПАРД треба да има капацитет за користење на фондовите согласно PRAG. Тој праша кој ќе ги финансира презентираните активности.

Г-ѓа Делева одговори дека презентираните суми ќе бидат финансирани од Буџетот на Р.М.

Презентацијата на акциониот план за комуникација на ИПАРД е прикажан во ***Анекс 12*** од овој документ.

Г-ѓа Весна Илиевска од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството го презентираше својот придонес за имплементација и публицитет на ИПАРД Програмата преку едукација и информирање на индивидуалните земјоделски производители, изработка на инвестициони програми, воведување на сметководство на фарма, подобрување на квалитетот, обработката и десиминацијата на податоци, вклучување на земјоделски компании, институционална поддршка, заинтересираност на индивидуални земјоделски стопанства за доставување на податоци – ФМС, подзаконски акти – ФАДН, примена на програма за човекови ресурси и развој на советодавните капацитети. Во врска со обуката на советници, претставик од MAASP проектот ги претстави обуките кои ги нуди проектот во однос на бизнис планирање, обука за даватели на услуги во рурални средини и други обуки и информираше за постоење на дата база на даватели на услуги.

Презентацијата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е прикажана во ***Анекс 13*** од овој документ.

Г-ѓа Ѓошева-Ковачевиќ од Федерацијата на фармери ги претстави превземените активности за публицитет на ИПАРД, како и идните активности за информирање за ИПАРД Програмата која цели кон подигнување на свеста во земјоделскиот сектор, тренинг за советодавната мрежа, користење на ФФРМ мрежата за подигнување на свеста за ИПАРД и тоа мрежа на жени фармери, мрежа на млади фармери и ФФРМ Советодавна мрежа.

Г-дин Перица Ивановски, праша кој планира да ги реализира обуките и кои ќе бидат обучувачи. Г-ѓа Ѓошева-Ковачевиќ одговори дека обучувачи ќе бидат домашни искусни обучувачи и консултанти.

Презентацијата на Федерацијата на фармери е прикажана во ***Анекс 14*** од овој документ.

Г-дин Јетон Старова, претставник на USAID ја претстави АгБиз програмата за зголемување на економскиот раст во Македонија преку зголемено одржливо производство и продажба на земјоделски производи во секторите на трпезно грозје, вино во шише, свеж зеленчук, преработки од зеленчук и споредни шумски производи. Беше потврдено дека преклопување на поддршката нема да има заради временското ограничување на проектите.

Презентацијата за АгБиз програмата во Република Македонија е прикажана во ***Анекс 15*** од овој документ.

***Во врска со точка 13 од Агендата:***

Госпоѓа Делева информираше дека пакетот за акредитација ќе се однесува на првите три мерки од ИПАРД Програмата, додека пак во следниот период ќе се работи на подготовка за акредитација и на мерката за техничка помош, при што заради силната потреба од публицитет на ИПАРД Програмата, за активностите предвидени во акциониот план за публицитет обезбедени се средства од буџетот на Република Македонија.

***Во врска со точка 14 од Агендата:***

Г-дин Николовски информираше за првиот состанок на комитетот за следење на ИПА и предложи записникот од тој состанок да биде доставен и до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД.

Г-ѓа Грајнер очекува да го имаме првиот ИПАРД годишен извештај во 2011 година.

***Во врска со точка 15 од Агендата:***

Г-дин Живко Брајковски информираше за прогресот на усвојување на националната легислатива поврзана со ИПАРД Програмата. Тоа е врвен документ, кој дава насоки за евроинтеграција во Македонија, се обновува секоја година. Неговата цел е поврзување на националната програма со истата на ЕУ. Преку прогресот се идентификува буџетот за сите цели и се врши менаџирање. Целиот процес е под раководство на СЕП.

Презентацијата на Националната Програма за усвојување на заедничкото законодавство на ЕУ е прикажана во ***Анекс 16*** од овој документ.

Г-дин Перица Иваноски информираше за финализација на регистарот на земјоделски стопанства. Тој ја објасни основата за воспоставување на единствен регистар на земјоделски стопанства. МЗШВ е институција која го воспоставува овој регистар, во кој се дефинирани начинот на евидентирање на тие стопанства. Овој регистар е веке во функција, се очекува до почетокот на следната година да се финализира. Регистарот е неопходно средство за платежната агенција, за таа да може да врши контрола на земјоделските стопанства, кои веќе ги имаа дадено своите податоци во регистарот, т.е. дали податоците се соодветни со тие од апликациите. Сите активности се покриени од Буџетот на Р.Македонија.

Претседавачот праша дали оваа активност е ризична, на што г-динот Иваноски одговори дека апсолутно не постои никаков ризик.

Г-динот Шисел потенцираше дека предуслов за акредитација е земјоделските стопанства да се регистрирани во единствениот регистарот.

Презентацијата за единствениот регистар на земјоделски стопанства е прикажана во ***Анекс 17*** од овој документ.

Г-ѓа Биргит Шефер го претстави CARDS проектот за поддршка на ИПАРД оперативната структура во траење од 2 години како техничка помош за АФПЗРР и Телото за управување во процесот на акредитација за првите 3 мерки и дополнителните мерки, посебно мерката за техничка помош, мерката за заштита на животната средина и подготовки на стратегиите за локален рурален развој за руралните области преку јакнење на административниот капацитет и подобрување на знаењата на вработените.

Презентацијата на CARDS проектот за поддршка на ИПАРД оперативната структура е прикажана во ***Анекс 18*** од овој документ.

***Во врска со точка 16 од Агендата:***

Се очекува следниот состанок да се одржи на пролет, во мај 2009 година. Г-динот Александар Николовски предложи следниот состанокот да се одржи во рурална средина.

Г-динот Шисел истакна дека агенда на следниот состанок треба да содржи информација за тековната евалуација, стратегијата за комуникација, финална верзија на акционен план за комуникација, модификација на ИПАРД Програмата,

прогрес во процесот на акредитација, како и точките кои ги содржи агендата на овој состанок.

Г-ѓа Делева додава за агендата на следниот состанок да се стави деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД кој е во фаза на усогласување со истиот од ЕК, во текот на следниот состанок да се усвои од страна на сите членови.

Г-ѓа Грајнер побара пред почетокот на следниот состанок, сите членови да ги добијат сите документи и презентации за кои ќе се дискутира.

Г-дин Иваноски препорача на следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД да бидат поканети и новинари. Г-ѓа Делева додава дека била испратена покана до сите новинари, и дека ќе се изготви кратка информација за информирање на јавноста за работата на комитетот.

***Во врска со точка 17 од Агендата:***

Претседавачот побара други коментари околу состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД и откако дополнителни коментари не беа дадени, тој заклучи дека третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е затворен.

Потписи:

| **ВО ИМЕ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД** | **ВО ИМЕ НА СЕКТЕРИЈАТОТ** |
|---|---|
| М-р Перица Иваноски | М-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 20.05.2009 | Датум: 20.05.2009г. |